

Постојат личности низ историјата, кои се светилници на своето време и кои преку својот живот ја испишуваат историјата на еден народ, едно племе. Таков е и Ѓурчин Кокале лазороскиот коџабашија-главатар, ктиторот на црквата во Лазорополе, заштитникот на христијаните, јунак над јунаците. Тој е човекот – ѕвездалија, чии што постапки и акции биле нашироко прифаќани од селаните лазоровци, а потоа и раскажувани и предавани од колено на колено за да не се заборават. Во овие преданија за јунаштвото на Ѓурчина, народот ја гледал надежта за својата слобода од под ропството, а него самиот го сметале за јунакот кој го претскажува доаѓањето на таа слобода. Како што минувале годините и нови генерации Мијаци – лазоровци се раѓале, на нив повторно и повторно во детството им ги раскажувале приказните за јунакот Ѓурчин кој јавал коњ голем како ламја, кој скокал „25 нози одеднуш и 55 на три поти“, кој фрлал камен од 10 оки 50 нозе, кој прескакал по 6 коњи, јунакот кој му ја „факнал“ главата на турчинот Алија.

За таков јунак се раскажувале и многу други преданија и легенди кои зборувале за неговата храброст, бестрашност и за христијанската доблест да биде заштитник на послабите и обесправените. И колку и да се прифаќаат денес со резерва овие преданија, сепак за едно имаме историска потврда, а тоа е двобојот што се случил меѓу Ѓурчина Кокале и турчинот Алија, како и за славната сабја со која била отсечена главата на зулумќарот.

Во 1826 година, тогашниот турски султан Махмуд II, со посебна наредба го укинал дотогаш озлогласениот јаничарски воен ред. Но, многумина од јаничарите, навикнати на пљачкосување, грабање и водење на војни, не можеле да се привикнат на фактот дека одеднаш тие не му се повеќе потребни на султанот. Многумина се одметнале, не признавајќи ниту една власт (Али Паша Јанински е еден од нив) и продолжиле да го тероризираат населението. Таков бил и случајот со одметнатиот јаничар Алија, кој во Солунскиот крај толку многу се осилил, што покрај зулумите и пљачкосувањата кои што ги вршел, барал во неговиот шатор да бидат праќани сите убави девојки од околијата. На многуте поплаки од населението, официјалната турска власт одговорила со тоа што преку својот официјален претставник во Солун Лобуд-паша (кој инаку му бил и личен пријател на Ѓурчина) јавно обзнанила дека се дава награда за оној кој ќе ја донесе главата на одметнатиот јаничар-злосторник. Во тоа време Ѓурчин Кокале во овој крај одел на зимување со своите овци, закупувајќи кшли (земја, ливада на која потоа се подигало трло кое служело за презимување на овците). Овие кшли тој најчесто ги закупувал од неговиот пријател поп Пулиз. Судбината сакала зулумќарот Алија еден ден да побара во неговиот шатор да дојде убавата ќерка на попот која според едни преданија се викала Анѓа. Сакајќи да му помогне на својот пријател, Ѓурчин ја засолнал убавата девојка во неговото трло. Кога за тоа разбрал Алија, се разлутил и веднаш тргнал кон Ѓурчиновото бачило за да ја грабне девојката. Ѓурчин, иако тогаш имал над 51 година, заради сопственото убедување, но и заради авторитетот што го имал меѓу населението, не доаѓало во предвид да ја пушти девојката во рацете на Алија. Двобојот бил неизбежен. Двајцата качени на своите коњи и со исукани мечови се втурнале во трк еден кон друг. Во налетот и од силината на ударот, мечот на Ѓурчина (кој бил пократок рамен меч со дршка во форма на крст) се скршил, а тој самиот паднал од коњот, но исто така при падот својот јатаган (закривена сабја) го испуштил и зулумќарот Алија.

Ѓурчин ја дофатил неговата сабјата и го победил Алија, отсекувајќи му ја главата. Отсечената глава Ѓурчин ја ставил во зобница и заедно со неговиот јатаган, коњот и ќемерот на Алија, во кој што имало многу пари опљачкани од народот, отишол кај Лобуд-паша во Солун, за да си ја побара наградата, која што била ветена за главата на Алија. Кога го видел Лобуд-паша својот пријател со главата на злосторникот не само што му ја исплатил награда, туку му го оставил неговиот јатаган, коњот и сите пари од ќемерот на Алија. Овие пари Ѓурчин не ги сакал за себе, сметајќи ги за „крвави пари“, туку му ги оставил на својот пријател попот Мартин Димкоски да бидат за црквата.



дозвола за постојано носене наоружје, како и да го застапува својот крај во Д

